# Анализа на А1он

| Ветувања 2009- 2013 | Ветувања 2013- 2017 |
|---|---|
| **5. ПРОЕКТ: МАРКЕТИНГ-ПРОГРАМА ЗА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Оваа програма ќе пружи информации за инвестициските можности за бизнис и недвижности и ќе промовира бизнис-паркови со цел да се прошират новите технолошки развои и инвестиции кои ќе го забрзаат развојот на мали и средни претпријатија. За ова ќе бидат изработени посебни Интернет-страници за читателите.<br><br>**8. ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА СКОПЈЕ КАКО БИЗНИС-ДЕСТИНАЦИЈА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе изработи пишани, медиумски и видеоматеријали, ќе изврши нивна дистрибуција преку познати светски медиуми и презентацијна реномирани светски саеми. Исто така, ќе овозможиме изработка на промотивен спот и презентација во која Скопје ќе се прикаже како атрактивна бизнис-дестинација. Ќе изработиме и интерактивен ДВД–РОМ со статистики и податоци за главните економски сектори по кои е градот Скопје најпрепознатлив. | **1. ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА СКОПЈЕ КАКО ДЕЛОВНА ДЕСТИНАЦИЈА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе продолжи да се промовира како атрактивна деловна дестинација за странските и за домашните инвеститори. Тоа ќе се направи преку овозможување на сите домашни и странски инвеститори на едно место да ги добијат сите суштински информации за можностите за инвестирање во град Скопје.<br>Дополнително, Град Скопје ќе продолжи да се промовира како идеална деловна дестинација преку дистрибуција на печатени материјали и промотивни видеоспотови во познати светски медиуми и презентација на реномирани светски саеми. |
| **3. ПРОЕКТ: НОВ ЛУНА ПАРК ВО СКОПЈЕ**<br>*РОК: ОКТОМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Во соработка со општината Карпош, во текот на 2009 година ќе се започне со реконструкција на детскиот Луна парк. Со реализацијата на овој проект, ќе се изгради ново место каде што најмладите ќе можат да се забавуваат. Со новиот проект се планира проширување на сегашниот парк. | **9. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЛУНА ПАРК**<br>Рок: 2013-2015 година<br>**Опис на проектот:** По пат на јавно-приватно партнерство, Градот Скопје ќе најде приватен партнер, кој ќе изгради нов Луна-парк во Скопје.<br>**Вредност на проектот:** 8 милиони евра. |

| | |
|---|---|
| **4. ПРОЕКТ: ГАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: 2009 – 2011*<br>**Опис на проектот:** Изработка на студија, идејни проекти и главни проекти за развивање на гасоводна мрежа за достава на природен гас до домаќинствата и до индустриските објекти во Скопје и имплементација на соодветни проекти. | **4. ПРОЕКТ: ГАСИФИКАЦИЈА НА СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје, по пат на концесија во соработка со општи-ните и со Министерството за транспорт и врски, ќе работи на гасификација на Скопје.<br>**5. ПРОЕКТ: ГАСИФИКАЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Во зависност од поставеноста на средните училишта до гасните водови, во соработка со Владата на Република Македонија, ќе се одредат училиштата што ќе имаат приоритет во постапката за гасификација. Прво ќе се направат проекти за гасификација, а потоа ќе следува нивна реа-лизација. Со оваа мерка ќе се намалат финансиските средства за загревање на училиштата. |
| **5. ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе изготви физибилити-студија за заштеда на енергија и за користење на алтернативни извори на енергија. | **6. ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ОБЈЕКТИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе преземе серија активности во насока на спроведување на целосна енергетска ефикасност во сите објекти што се во ингеренција на Градот Скопје (административен објект, јавни претпријатија и јавни установи).<br>Ќе биде извршена комплетната промена на прозорци, поставување топлин-ската изолација на фасадите и на покривите на објекти што се под ингерен-ции на Град Скопје, замена на сите конвенционални светилки со штедливи светилки во сите објекти во сопственост на Град Скопје и друго. |
| **7. ПРОЕКТ: ЌЕ СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ДА СЕ ЗАПОЧНЕ СО ИЗГРАДБА НА ТРАМВАЈ**<br>*РОК: 2009 - 2012*<br>**Опис на проектот:** Со овој проект ќе се | **ПРОЕКТ: ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА ТРАМВАЈ ВО СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе |

| | |
|---|---|
| надгради досегашниот концепт на јавен превоз во градот Скопје кој покажува одделни недостатоци и ќе се воведе побрз и по-капацитативен вид јавен превоз на патници. Според светските стандарди, овој вид превоз се препорачува за категорија на градови со над половина милион жители, во кои спаѓа и градот Скопје. | продолжи со постапките за изградба на трамвај во Скопје, по пат на јавно-приватно партнерство. Преку овој проект се очекува ќе се надгради досегашниот концепт на јавен превоз во градот Скопје, кој покажува одделни недостатоци, и ќе се воведе побрз и поголем<br>капацитет на јавен превоз на патници. |

| | |
|---|---|
| **1. ПРОЕКТ: СКОПЈЕ - НОВИ СООБРАЌАЈНИ РЕШЕНИЈА**<br>*РОК: 2009 - 2013*<br>**Опис на проектот:** Проектот предвидува изработка на нови сообраќајни решенија на ниво на градот Скопје. Изработката на физибилити-студија со идејни проекти за утврдување на потреба за нови сообраќајни решенија на ниво на градот Скопје ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија, а се очекува да биде готова кон средината на 2010 година. Физибилити-студијата со идејните проекти би се базирала на следниве две главни делници:<br>- Сообраќајниот коридор Соборен храм - Нова железничка и Чаир – Капиштец и<br>- Среден ринг со три булевари потребни за целосно решавање на сообраќајот во градот.<br>Потоа следува и изработка на главни проекти, а изградбата на овие сообраќајници би започнала во средината на 2011 година и би траела 2 години. | Да се видат улиците стр. 53-59 |
| **2. ПРОЕКТ: НОВ ЛИК НА ГРАДСКИОТ ПАРК**<br>*РОК: АВГУСТ 2010*<br>**Опис на проектот:** Со цел за заштита на животната средина, ќе се направи план за доуредување и одржување на Градскиот парк, со што истиот ќе стане пригодно место за викенд-прошетки. Ќе се направат неколку мини езерца, ќе се постават | **14. ПРОЕКТ: Уредување на Градски парк со содржини**<br>Рок: 2014-2017 година<br>**Опис на проектот:** Град Скопје ќе продолжи со уредување и со одржување на<br>Градскиот парк преку поставување порти, летниковец во едно од езерцата и детски реквизити соодветни за тој простор. Исто така, во соработка со каби- |

| | |
|---|---|
| десетици клупи, ќе се уредуат пешачки патеки, ќе се изградат мали фонтани и скулптури. Во изработката на финалниот проект за изгледот на Градскиот парк активно учество ќе имаат и граѓаните на градот Скопје. | нетот на претседателот на РМ, ќе ги надополни содржините со изградба на парк на цивилизации во Градски парк. |
| **9. ПРОЕКТ: УБАВО СКОПЈЕ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Ќе се изврши соодветно убаво осветлување на јавните места во градот Скопје, како што се Камениот мост, мостот Гоце Делчев, тврдината Кале, Кејот, музејот на Град Скопје, новите јавни објекти на левата страна од реката Вардар во централното градско подрачје и објектите околу плоштадот. Посебен план ќе се разработи за осветлување на јавните објекти и врз основа на констатираните потреби, ќе се инсталираат и нови улични светилки со што би се зголемила осветленоста и безбедноста на граѓаните во градот. | **5. ПРОЕКТ: СИСТЕМ ЗА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе продолжи со активностите за менување на светилките на уличното осветлување во булеварите и во собирните ули-<br>ците, кои се во негова надлежност. Во согласност со европските стандарди, ќе бидат заменети сите живини светилки со енергетско ефикасни светилки.<br>Во континуитет ќе се направат инвестиции за создавање можности за воведување систем за управување на уличното осветлување. Со ова ќе се овозможи брзо и ефикасно детектирање и отстранување дефекти, регулирање на уличното осветлување, намалување на потрошувачката на електричната енергија и намалување на емисијата на штетни гасови. |
| **11. ПРОЕКТ: ЌЕ СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ЗА ИЗГРАДБА НА ГРАДСКА КУЌА**<br>*РОК: 2010 - 2012*<br>**Опис на проектот:** Со цел создавање на услови за поефикасна работа на градската администрација, а во согласност со европските стандарди, ќе се разгледа можноста за изградба на градска куќа. | **6. ПРОЕКТ: ДОИЗГРАДБА НА АДМИНИСТРАТИВЕН ОБЈЕКТ ЗА ГРАДСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**<br>Рок: 2016 година<br>**Опис на проектот:** Довршување на изградбата на нов административен објект за градската администрација. |
| **1. ПРОЕКТ: СОВРЕМЕНА ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**<br>*РОК: АПРИЛ 2010*<br>**Опис на проектот:** Главна цел на овој проект е да се продлабочат и да се поедностави комуникацијата помеѓу граѓаните и локалната самоуправа. Затоа, | **3. ПРОЕКТ: Е/М - СЕРВИСИ**<br>Рок: 2016 година<br>**Опис на проектот:** Двонасочна електронска комуникација на граѓаните и на администрацијата на Град Скопје со цел да им се овозможи електронско плаќање на услугите што произлегуваат од обврските кон Град Скопје и кон општините. Електронското плаќање ќе се |

| | |
|---|---|
| потребно е формирање информативна служба. Во конкретна смисла, тоа претпоставува на видливо место да се постави т.н. „градска рецепција", каде што граѓаните ќе можат да ги доставуваат своите поднесоци (писмено или усно), а одговорот да го добијат веднаш или најдоцна во рок од три дена. Истовремено, на ова место граѓаните ќе можат да ги добијат сите документи кои се во надлежност на локалната самоуправа. Исто така, во функција на создавање предуслови за олеснета комуникација, пред седиштата на градот ќе се постават т.н. „поштенски сандачиња за граѓаните", каде што граѓаните ќе можат да доставуваат писма со свои прашања и идеи до локалната администрација, која, пак ќе биде должна да ги разгледа и да одговори на истите во најкраток рок. Исто така, во таа насока, преку дополнителен ангажман во насока на транспарентност на работењето на градската администрација, преку Интернет, граѓаните ќе можат да се информираат за условите во Градот, а преку воведувањето на електронско (on-line) пополнување и поднесување на документите многу побрзо да ги остваруваат своите права од градот. Градот, пак, ќе има обврска да го информира граѓанинот само за тоа на која жиро-сметка треба да го уплати потребниот износ на финансиски средства за односната услуга, а граѓанинот би имал обврска само да дојде до „градската рецепција" и да ги подигне бараните документи. | реализира директно од граѓанинот или од фирмата или индиректно преку трети субјекти (нотар, застапник, фирми за работа со недвижен имот.) Порталот www.uslugi.skopje.gov.mk ќе биде електронски сервис на Град Скопје со кој ќе се овозможи пристап до услугите што ги даваат градските служби по електронски пат. |
| **5. ПРОЕКТ: ОНЛАЈН-ДОСТАПНОСТ НА УСЛУГИТЕ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: НОЕМВРИ 2009*<br>**Опис на проектот:** Промена на постојниот Интернет-портал на градот Скопје (www.skopje.gov.mk) во | **2. ПРОЕКТ: ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: 2013-2014 година<br>**Опис на проектот:** Ефикасно и квалитетно управување на финансиските |

| | |
|---|---|
| интерактивен Интернет-сервис за граѓаните и институциите на кој ќе бидат достапни сите релевантни документи и апликации, со цел намалување на административните процедури и подобра достапност на информациите за работењето на градот и реализацијата на тековните проекти. | средства е стратегиска цел на Град Скопје. Поради големиот обем на обврски што Град Скопје ги презема, се наметнува потребата од еден побрз, поефикасен и поцелисходен начин на работа во повеќе домени од финансиското работење и системски пристап во обезбедување услуги и подобра комуникација со деловните субјекти на Град Скопје - физички, правни лица и институции.<br>Остварувањето на овие цели треба да се постигне со воведување на интегрираниот систем за управување на финансиите на Град Скопје со потсистеми: управување локални даноци и такси, сметководство, човечки ресурси и плати, буџет и презентирање, размена на податоци и електронски сервиси за институции, физички и правни лица. |
| **3. ПРОЕКТ: НОВА ЛОКАЦИЈА ЗА ГРОБИШТА ВО СКОПЈЕ**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*<br>**Опис на проектот:** Со Планската програма за изработка на Детален урбанистички план за гробишта, локалитетот Коњски Рид со опфат од околу 47 ха ќе се одреди како нова локација за гробишта во Скопје.<br>Имено, во Генералниот урбанистички план на градот Скопје усвоен на 26.06.2002 година, со планскиот концепт за развој на гробишта, предвидено е обезбедување на нови површини за закоп, заедно со придружни содржини, како и изградба на потребна инфраструктура, за период од 100 години (периодот од 100 години е основа за планирање на просторот за нови гробишта согласно со сите познати нормативи за оваа област). | **1. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРОБИШТАТА ВО СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Во соработка со општините во Град Скопје ќе се работи на проширување на постојните гробни места, како и определување локации за нови гробишта. |
| **1. ПРОЕКТ: МОНИТОРИНГ НА ЗАГАДЕНОСТА НА ВОЗДУХОТ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: МАРТ 2010*<br>**Опис на проектот:** Со помош на тим од | **1. ПРОЕКТ: СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ НА ПОДРАЧЈЕТО НА АГЛОМЕРАЦИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ** |

| | |
|---|---|
| експерти во областа на животната средина најдоцна од март 2010, градот Скопје континуирано ќе врши мониторинг на загаденоста на воздухот на определени пунктови. | Рок: 2013 – 2017 година<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе изработи план и стратегија за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во главниот |

| | |
|---|---|
| **13. ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИ КОРИТА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Активно ќе се работи на уредување на речните корита во Скопје. | **9. ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ РЕЧНИ КОРИТА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Активно ќе се работи на одржување на минор коритото на реката Вардар, реката Лепенец, отворените канали на подрачјето на Град Скопје, езерцата и водните површини во Градскиот парк. |
| **5. ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА НОВ ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: ОКТОМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Со изработката на новиот еколошки план за градот Скопје ќе се дефинираат проблемите што ја загрозуваат животната средина, како и решенијата за надминување на тие проблеми. Целта на овој план ќе биде да се надминат проблемите од областа на животната средина на локално ниво. | **14. ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**<br>Рок: 2013 – 2016 година<br>**Опис на проектот:** Катастарот на загадувачи е еден од сегментите на информативниот систем на животната средина, кој се базира на принципите на Архурската конвенција и е усогласен со соодветна законска регулатива. Целта за воспоставување интегриран катастар произлегува од потребата за квалитетни и за навремени информации за загадувањето на медиумите и на областите на животната средина, како неопходен предуслов за воспоставување ефикасен и ефективен систем на заштита. |
| **9. ПРОЕКТ: ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ПЛОЧИ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Овој проект вклучува замена на штетните, азбестни покриви на некои јавни установи во градот. Покрај ова, ќе се изработи и физибилити-студија која ќе направи процена на износот на замената на пријавените азбестно- | **11. ПРОЕКТ: ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе продолжи со почнатата активност за замена на азбестните покриви на јавните објекти во негова надлежност, при што приоритет имаат објектите на средните училишта. |

| | |
|---|---|
| покривни плочи на подрачјето на Скопје, како и за начинот за негово складирање и депонирање. | |
| **10. ПРОЕКТ: КОМПОСТИРАЊЕ НА ОТПАД СОЗДАДЕН ОД ПАРКОВИТЕ И<br>ОД ОСТАНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА НИВО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: 2010*<br>**Опис на проектот:** Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи избегнување и намалување на количеството на создаден отпад преку доследно спроведување и следење на процедурите за добивање интегрирани дозволи од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање како и воведувањето на селекција на отпадот која ќе влијае врз намалувањето на отпадот на градската депонија. Изградба на Централна компостара за компостирање на биоразградливиот отпад. Од друга страна, со овој процес се продолжува векот на употреба на депониите поради заштеда односно веќе згрижен биоразградлив отпад. | **7. ПРОЕКТ: ОТВОРАЊЕ НОВА КОМПОСТАРА**<br>Рок: 2015/2016 година<br>**Опис на проектот:** Со реализација на овој проект, ќе се направи модерна компостара на подрачјето на град Скопје, со што ќе се овозможи од зелениот отпад да се добие компост, кој ќе се користи за широка употреба. |
| **1. ПРОЕКТ: ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА БОТАНИЧКА ГРАДИНА<br>КАКО НОВА СОДРЖИНА НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА**<br>*РОК: 2012*<br>**Опис на проектот:** Отпочнување со изградба на Ботаничка градина како дел од Зоолошката градина. Со овој проект се додава уште една локација која ќе придонесе за зголемување на туристичкиот и екопотенцијалот на градот Скопје.<br><br>**10. ПРОЕКТ: ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА** | **8. ПРОЕКТ: ЗООЛОШКА ГРАДИНА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансис-ката поддршка и унапредување на програмските активности како што се: навремена и соодветна исхрана на животните, превентивна и здравствена заштита на животните, подобрување на условите за престој на животните, санирање на живеалиштата и нивна надградба, проекти за популаризирање на Зоолошката градина и др.<br>Изведба на мултинаменски објект за роденденски забави, одбележување настани, едукации и работилници. |

| | |
|---|---|
| **ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Продолжување на ревитализацијата на Зоолошката градина преку изготвување на поединечни проекти за секое живеалиште и реконструкција и изградба на живеалишта за сите животни, во соработка и со техничка консултација со Европската асоцијација за зоолошки градини и аквариуми (ЕАЗА).<br>Создавањето на пристојни живеалишта за животните и место за релаксација на сите граѓани ќе се остварува и преку следниве чекори:<br>- Завршување на реконструкцијата на Зоолошката градина;<br>- Носење на нови животни и изградба на тропска куќа;<br>- Обезбедување на живеалиште на фоки;<br>- Едукативен центар за деца за запознавање со светската флора и фауна;<br>- Проект за живеалиште на жирафи;<br>- Проект за африканска савана. | |
| **7. ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА ВЛЕЗОТ И НА ИЗЛЕЗОТ НА СКОПЈЕ**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Заради соодветен пречек и испраќање на посетителите на Скопје, предвидено е урбанизирање и хортикултурно уредување на влезот и на излезот на Скопје, со што ќе се остави поголем впечаток за самиот град и кај патниците кои го посетуваат, но и кај оние кои транзитираат низ Скопје. | **25. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ МОСТ КАЈ ХИПОДРОМ И АВТОКО-<br>МАНДА**<br>Рок: 2013-2015 година<br>**Опис на проектот:** Изградба на пешачки мост на влезот и на излезот на Ско-<br>пје.<br>Изградба на пешачки мост над булеварот „Александар Македонски“ во н. Автокоманда ( кај „Алкалоид“), во соработка со Општина Гази Баба.<br>Изградба на пешачки мост над булеварот „Александар Македонски“ за поврзување на населбата Хиподром со населбата „Методија Андонов – Ченто“, во соработка со Општина Гази Баба. |
| **. ПРОЕКТ: РЕНОВИРАЊЕ НА ФАСАДИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ**<br>*РОК: 2012* | **38. ПРОЕКТ: Реконструкција на фасади**<br>Рок: континуирано<br>**Опис на проектот:** Град Скопје ќе |

| | |
|---|---|
| **Опис на проектот:** Со овој проект ќе се овозможи подобар изглед на објекти во централното градско подрачје. | продолжи со реконструкција на фасадите во централното градско подрачје на постојните згради, при што при реконструкција на фасадите ќе биде поставена и илуминација. |
| **11. ПРОЕКТ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје е со интенција да го зголемува квалитетот на зелените површини, онаму каде е можно и ќе се труди кон создавање ново зеленило и одржување на постојното зеленило во парковите. | **8. ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗЕЛЕНИЛОТО НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ВАРДАР**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Поради застареноста и дотраеноста на зелените површина на минор коритото, ќе се изврши реконструкција на зелените површини по кејот на реката Вардар<br><br>**5. ПРОЕКТ: СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЕЛАБОРАТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ОДРЕДЕНИ АКТИВНОСТИ И ДЕЈНОСТИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје во континуитет ќе продолжи со постапката за одобрување елаборати за заштита на животната средина, за одредени дејности и активности, со што ќе се постигне контрола на загадувањето на животната средина од малите, но многубројни загадувачи. Воедно, ќе се изработи и катастар за нив.<br>**6. ПРОЕКТ: СТУДИЈА ЗА РАЗЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: 2014 – 2016 година<br>**Опис на проектот:** Приоритетна цел на студијата е обезбедување стручна и научна основа за подигање нови и реконструкција на постојните зелени површини и обезбедување квалитетен зелен фонд.<br>Реализацијата на ваквите активности ќе го подобрува квалитетот на животната средина, ќе обезбеди заштита на биодиверзитетот, постигнување идентитет на урбаната структура и амбиент. |

| | |
|---|---|
| **2. ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ГРАД СКОПЈЕ**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Воспоставување европски стандарди за менаџирање на отпадот во градот Скопје, т.е. негово селектирање, собирање, реупотреба и рециклирање. Воведување систем за трговија со корисните фракции и депонирање на она што не може да се искористи. | **2. ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ ОТПАД**<br>Рок: 2016 година<br>**Опис на проектот:** Изработка на вториот план за управување отпад на Град Скопје (период 2016-2020).<br>Ќе се изработува во согласност со Стратегијата за управување отпад на Република Македонија, донесена од страна на Владата на Република Македонија, односно во согласност со Планот за управување отпад на Република Македонија, донесен од страна на Министерство за заштита на животната средина. |
| **3. ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА ЗА ПОЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2009 – СЕПТЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Подготовка на студија за поефикасно управување и работење на јавните претпријатија. | **6. ПРОЕКТ: УПРАВУВАЊЕ НОВОИЗГРАДЕНИ КАТНИ ГАРАЖИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Управување и одржување на катните гаражи, кои ќе се изградат од страна на Град Скопје.<br><br>**ПРОЕКТ: ИНТЕГРИРАН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ**<br>Рок: 2015-2016 година<br>**Опис на проектот:** Систем што ќе ги интегрира системот за управување документи, системот за финансиски менаџмент и ГИС и ќе овозможи следење статуси на предмети преку интернет. Интегрираниот информатички систем со своите меѓусебно поврзани потсистеми, унифицирани и компатибилни сервиси и податоци, ќе може да учествува во размена на податоци и на документи со други институции во РМ. |
| **7. ПРОЕКТ: ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКАТА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПОВРШИНИ И ПАРКОВИ**<br>*РОК: 2010 – 2011*<br>**Опис на проектот:** За реализација на овој проект веќе е изработена физибилити-студија, а потребно е да се изработи и главниот проект за искористување на | **11. ПРОЕКТ: ИСКОРИСТУВАЊЕ ТЕХНОЛОШКА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПОВРШИНИ И ПАРКОВИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Во соработка со општините во Скопје и со ЈП „Водовод и канализација - Скопје“, ќе се продолжи изградба на бунари со кои ќе се |

| | |
|---|---|
| технолошката вода за наводнување на градските површини и паркови, а во функција на заштита на водите од изворот Рашче и на зоните околу него. | одржуваат зелените површини и јавните сообраќајни површини со техничка вода. |
| **3. ПРОЕКТ: ТРИМ-ПАТЕКА ВО ПОДНОЖЈЕТО НА ПЛАНИНАТА ВОДНО**<br>*РОК: 2009*<br>**Опис на проектот:** Трим-патеката ќе се наоѓа во подножјето на планината Водно над хотелот „Панорама" и ќе се протега до општината Кисела Вода. Оваа патека би ја користеле сите граѓани на градот Скопје затоа што се наоѓа во централното градско подрачје. Граѓаните ќе можат да се рекреираат во зелениот појас во подножјето на планината Водно. | **1. ПРОЕКТ: БЕЛЕЖЕЊЕ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ НА ПЛАНИНАТА ВОДНО**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Ќе биде извршено уредување и одбележување на сите пешачките патеки на планината Водно, како и главната пешачка патека од манастирот „Св. Пантелејмон" до Милениумски крст во должина од 3,4 километри.<br>На оваа патека ќе бидат поставени нови патоказни табли, патна мапа – рекламно пано и туристичка мапа. |
| **4. ПРОЕКТ: ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ ПО ДОЛЖИНАТА НА РЕКАТА ВАРДАР ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**<br>*РОК: 2009 - 2010*<br>**Опис на проектот:** За рекреација на лицата со посебни потреби, потребно е прилагодување на делови на пешачките патеки по должината на реката Вардар. | **3. ПРОЕКТ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ (ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЛОКАЛНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ПРИСТАПНОСТ ВО ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ)**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Во процесот на планирање и на уредување на животната средина, како и при изградбата на објекти од јавен интерес, потребно е да се обезбеди непречен пристап за лицата со посебни потреби.<br>Во насока на унапредување на пристапноста во градот Скопје и овозможување подобар пристап до сите институции и јавни места за лицата со посеб-ни потреби, Град Скопје, во соработка со општините на подрачјето на Град Скопје и со други јавни и приватни претпријатија, ќе поттикне приспособување на пешачки патеки, изградба на пристапни рампи и ќе се заложи за воспоставување локални процедури за почитување на стандардите за пристап- |

| | |
|---|---|
| | ност во изградбата на нови објекти и јавни површини. Затоа што правото на пристапност и на мобилност претставува важен сегмент во целиот процес на вклучување на сите наши сограѓани во сите сфери на општественото жи-веење. |
| **6. ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Заради промовирање на велосипедскиот сообраќај како поздрава и поеколошка алтернатива на моторниот сообраќај, градот Скопје ќе изврши проширување и рехабилитација на постојните велосипедски патеки во Скопје со цел овозможување на непречено одвивање на велосипедскиот сообраќај. | **2. ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА РЕКРЕАТИВЕН И НА ЕКСТРЕМЕН СПОРТСКИ ВЕЛО-СИПЕДИЗАМ**<br>Рок: 2015-2016 година<br>**Опис на проектот:** Во насока на подобрување на условите за велосипеди-стите, како и развојот на спортскиот туризам, Градот Скопје ќе направи ве-лосипедска патека за вљубениците на екстремниот спорт и во екстремниот велосипедизам. |
| **7. ПРОЕКТ: НАТСТРЕШНИЦИ ЗА ЈАВНИ АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Финализација на проектот за јавни автобуски постојки кои ќе создадат подобри услови за користење на јавниот превоз во градот Скопје, од каде и произлегува и потребата за нивно поставување. Вака изградените нови натстрешници ќе обезбедат не само подобрување на постојките, туки и подобрување на изгледот на градот. | **5. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВИ АВТОБУСКИ СТАНИЦИ**<br>Рок: 2013-2014 година<br>**Опис на проектот:** Со овој проект ќе се постават 275 нови автобуски станици на територија на градот Скопје. Со реализација на овој проект ќе се постават електронски дисплеи, на кои ќе се покажува реалното време на пристигну-вање на автобусите. Во проектот е предвидено катче за ЈСП Скопје каде што ќе биде објавен возниот ред и многубројни информации за патниците. |
| **8. ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ ”ЗЕЛЕНИ БРАНОВИ” НА НАЈФРЕКВЕНТНИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** „Зелени бранови“ ќе се воспостават на следниве делови од градот Скопје:<br>- од Скопски саем до Соборен храм, по „Партизанска“ - од Соборен храм до Порта Влае, | **ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ „ЗЕЛЕН БРАН“ НА НАЈФРЕКВЕНТНИТЕ СО-ОБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Продолжување со поставувањето на т.н. „зелен бран“ на сите главни градски улици. |

| | |
|---|---|
| - по Јужен булевар, од Ново Лисиче до Порта Влае, во Аеродром - по бул. „Јане Сандански“ и бул. „Србија“, во Кисела Вода - по бул. „Првомајска“. | |

| | |
|---|---|
| **2. ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРИ И УЛИЦИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проект:** Сите булевари и улици кои се во надлежност на градот Скопје. | **29. ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БУЛЕВАРИ И НА УЛИЦИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Град Скопје во континуитет ќе работи на реконструкција и на одржување на булеварите, собирните и магистрални улици, кои се во негова надлежност. |
| **3. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. „ЦВЕТАН ДИМОВ“**<br>*РОК: 2013*<br>**Опис на проект:** Со ова ќе се надминат проблемите со сообраќај, во овој дел од Чаир. Претходно треба да се расчистат имотно-правни односи. | **4. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА „ЦВЕТАН ДИМОВ“**<br>Рок: 2014-2017 година<br>**Опис на проектот:** Град Скопје ќе ја реконструира и прошири улица „Цветан Димов“ со што ќе се добие модерен булевар по сите стандарди. |
| **4. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. „ПРВОМАЈСКА“ ОД СЕМАФОРИТЕ КАЈ УСЈЕ КОН НАСЕЛБАТА ДРАЧЕВО**<br>*РОК: 2012*<br>**Опис на проект:** Ќе се подобри сообраќајната комуникација на Пинтија, Драчево и останатите населени места, од тој дел со градот Скопје. | **22. ПРОЕКТ: ВТОРА ФАЗА НА ПРОШИРУВАЊЕ НА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ (ПРВОМАЈСКА)**<br>Рок: 2014-2017 година<br>**Опис на проектот:** Ќе продолжат активностите за фазно проширување на улицата „Борис Трајковски“ (поранешна улица „Првомајска“) и добивање модерно булеварско решение со 4 сообраќајни ленти.<br>**Вредност:** 120 мил денари. |
| **5. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. ИЛИНДЕН ОД ФОНТАНА ЛОТОСОВ ЦВЕТ КОН КАРПОШ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**<br>*РОК: 2012*<br>**Опис на проектот:** Ова е е еден од проектите со кои ќе се допринесе за намалување на сообраќајниот хаос во градот. | **9. ПРОЕКТ: ИЗРАБОТУВАЊЕ ПРОЕКТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛ. „ИЛИНДЕН“ КОН ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**<br>Рок: 2016-2017 година<br>**Опис на проектот:** Ќе продолжи проширувањето на бул. „Илинден“ до ул. „Никола Парапунов“ во Карпош 4, а ќе почне и постапката и расчистувањето на имотно-правните односи за мост на реката Вардар, за кој ќе се подготвува документација. |

| | |
|---|---|
| **6. ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ И ДОИЗГРАДБА НА БУЛ. „СРБИЈА“**<br>*РОК: 2012*<br>**Опис на проектот:** Ќе се подобри сообраќајната комуникација меѓу Аеродром и Кисела Вода. | **27. ПРОЕКТ: Изработка на техничка документација за ПРОШИРУ-ВАЊЕТО НА „БУЛЕВАР СРБИЈА“**<br>Рок: 2015-2016 година<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје и во наредниот период ќе изработи техни-чка документација за проширувањето на булеварот „Србија“.<br>Оваа значајна сообраќајница ќе се реконструира и прошири во булевар со 4 сообраќајни ленти до улицата „Христо Татарчев“ ( поран. „Сава Ковачевиќ“) |
| **16. ПРОЕКТ: УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ И ТРОТОАРИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Со реализирање на овој проект, односно со усогласување на пешачките патеки и тротоари за лицата со посебни потреби во согласност со европските стандарди, се посветува посебно внимание на оваа група граѓани, сè со цел да се овозможат услови за нивно подобро вклопување во општественото живеење. | **ИСТО КАКО ГОРЕ!**<br><br>**3. ПРОЕКТ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ (ВОС-ПОСТАВУВАЊЕ ЛОКАЛНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИ-ТЕ ЗА ПРИСТАПНОСТ ВО ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПОВР-ШИНИ)**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Во процесот на планирање и на уредување на животната средина, како и при изградбата на објекти од јавен интерес, потребно е да се обезбеди непречен пристап за лицата со посебни потреби.<br>Во насока на унапредување на пристапноста во градот Скопје и овозможу-вање подобар пристап до сите институции и јавни места за лицата со посеб-ни потреби, Град Скопје, во соработка со општините на подрачјето на Град Скопје и со други јавни и приватни претпријатија, ќе поттикне приспособу-вање на пешачки патеки, изградба на пристапни рампи и ќе се заложи за вос-поставување локални процедури за почитување на стандардите за пристап-ност во изградбата на нови објекти и јавни површини. Затоа што правото на пристапност и на мобилност претставува важен сегмент во целиот процес на вклучување на сите наши сограѓани во |

| | |
|---|---|
| | сите сфери на општественото жи-<br>веење. |
| **1. ПРОЕКТ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРКИНГ-КАПАЦИТЕТИТЕ**<br>*РОК: 2012*<br>**Опис на проектот:** Преку ревидирање на постојните паркинг-простори во градот Скопје ќе се утврди план за обезбедување соодветен паркинг-простор, согласно со потребите на возниот парк на физичките и правните лица во Скопје. На овој начин ќе се овозможи изградба на нови паркинзи и елиминација на паркинзите кои претставуваат пречка во сообраќајот. | **5. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВИ ПАРКИНГ-МЕСТА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Изградба на нови паркинг-простори со зонски режим на паркирање. |
| **3. ПРОЕКТ: ДОВРШУВАЊЕ НА КОЛЕКТОР ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**<br>*РОК: 2013*<br>**Опис на проектот:** Во соработка со Владата на РМ ќе се заврши колекторски систем и пречистителна станица за отпадни води за населбата Волково и околината што е од големо значење за Ѓорче Петров и градот Скопје. | **18. ПРОЕКТ: ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО ВОЛКОВО**<br>Рок: 2013-2014 година<br>**Опис на проектот:** Град Скопје ќе учествува во проектот за довршување ко-лекторски систем во соработка со Министерството за животна средина, ЈП „Водовод и Канализација – Скопје“ и на Општина Ѓорче Петров.<br>Неговата изградба е од големо значење за Ѓорче Петров и за градот Скопје. |

| | |
|---|---|
| **9. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО САРАЈ**<br>*РОК: НОЕМВРИ 2010*<br>**Опис на проектот:** Со имплементација на проектот ќе се постигне ефикасно одведување на отпадните води и заштита на животната средина од загадување со фекалните води преку одведување на отпадните води надвор од населените места.<br>Овој проект ќе се реализира во соработка со Владата на Република Македонија и со општината Сарај. | **21. ПРОЕКТ: ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО САРАЈ**<br>Рок: 2013-2017 година<br>**Опис на проектот:** Град Скопје, во соработка со Министерството за животна средина и со Општина Сарај, ќе учествува во продолжување на активности-<br>те за решавање на фекалната канализација и за пречистителна станица на подрачјето на општина Сарај. |
| **14. ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА** | **7. ПРОЕКТ: СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ЧЕНТО, СТАЈКОВЦИ,** |

| | |
|---|---|
| **НАСЕЛБАТА ЧЕНТО, Н.М. СТАЈКОВЦИ, Н.М СИНЃЕЛИЧ И Н.М. ИНЦИКОВО**<br>*РОК: 2013*<br>**Опис на проектот:** Подобрување на водоводниот капацитет во населбата Чento, н.м. Стајковци, н.м. Сингелиќ и н.м. Инциково, со цевковод од Агросервис до резервоарите во Ченто, нови резервоари и пумпна станица за висока зона. | **СИНЃЕЛИК, ИНЦИКОВО**<br>Рок: 2014-2017 година<br>**Опис на проектот:** Изградба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода на населените места Ченто, Стајковци, Синѓелик, Инциково.<br>Проектот ќе се реализира со средства од Светска банка. Инвеститор на проектот се Град Скопје и ЈП „Водовод“.<br>**Вредност на проектот:** 3,3 милиони евра. |
| **16. ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА НАСЕЛБИТЕ КОЗЛЕ, ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ**<br>*РОК: 2013*<br>**Опис на проектот:** Изградба на нов цевковод од пумпна станица до резервоар за висока зона Жданец, пумпна станица и резервоар за висока зона. | **11. ПРОЕКТ: Изработка на проект за СНАБДУВАЊЕ СО ВОДО НА НЕРЕ-ЗИ, ЖДАНЕЦ И НА КОЗЛЕ**<br>Рок: 2014-2016 година<br>**Опис на проектот:** Град Скопје ќе изработи проект за изградба на водоснаб-дителен систем за подобрување на снабдувањето со вода на населбите Нерези, Козле и Жданец, како и на локалитетите на потегот меѓу Жданец и Нерези - Блок „А” и Блок „Б” и локалитетот над Средно Нерези – Блок „В” во<br>Општина Карпош. |
| **22. ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ОКОЛУ РЕЗЕРВОАРОТ ВО ШУТО ОРИЗАРИ И СПОЈУВАЊЕ СО ПОСТОЈНАТА УЛИЧНА МРЕЖА**<br>*РОК: 2013*<br>**Опис на проектот:** Подобрување на водоснабдување на делница од ул. Бутелски Венец до ул. Иљо Војвода. | **12. ПРОЕКТ: ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА ШУТО ОРИЗАРИ**<br>Рок: 2013-2015 година<br>**Опис на проектот:** Подобрување на мрежата за снабдување со вода во на-селбата Шуто Оризари со изградба на пумпна станица кај бул. „Босна и Хер-цеговина“, нов потисен цевковод до постојните резервоари и изградба на нов резервоар.<br>Овој проект ќе го реализира Град Скопје, во соработка со Општина Шуто Оризари и со ЈП „Водовод и канализација – Скопје“.<br>**Вредност на изведба:** 2,5 мил евра |
| **23. ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ КАНАЛИЗАЦИИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проект:** Во одредени делови на Скопје, секундарната атмосферска | **22. ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКИ МРЕЖИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Продолжување со изградба на атмосферска канализа- |

| | |
|---|---|
| канализација воопшто не е прочистувана и со тоа се создаваат големи проблеми при обилни дождови. | ција при изградбата на сите нови булевари, како и при сите реконструкции во општините во Град Скопје. |
| **1. ПРОЕКТ: ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>*РОК: 2011*<br>**Опис на проектот:** Во соработка со Министертсвото за култура, градот Скопје ќе направи целосна реконструкција и реставрација на надворешноста и внатрешноста на Музејот на град Скопје, како и финансирање на програмските активности на Музејот на град Скопје. | **1. ПРОЕКТ: МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Продолжување на финансиската поддршка во насока на развој и унапредување на програмските активности на Музејот на Град Скопје, кои се однесуваат на собирање, чување и презентација на археолошки и на историски експонати и материјали, кои се од важност за град Скопје, како и на афирмација на современото ликовно творештво. |
| **5. ПРОЕКТ: МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР**<br>*РОК: ВО ТЕКОТ НА 2009 ГОДИНА*<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: Меѓународен театарски фестивал - МОТ, Бела ноќ - културен хепенинг, дел од европското културно семејство, поддршка и враќање на сјајот на меѓународниот филмски фестивал „CINEDays“, учество на ансамблите на МКЦ на меѓународни фестивали. | **2. ПРОЕКТ: МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: Меѓународен театарски фестивал - МОТ, Бела ноќ - културен хепенинг, „Види музика! Слушни слика! Добиј книга!“, Денови на Јустинијан, меѓународниот филмски фестивал „CINEDays“, Фестивал Здраво млади- фестивал на нова музика, Младинска независна театарска сцена, ликовна дејност, дејноста на младинскиот хор, градски дувачки оркестар и мандолинскиот оркестар при МКЦ, работата на градското кино „Милениум“ и др. |
| **6. ПРОЕКТ: БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува:<br>- формирање спомен-соба на Браќата Миладиновци,<br>- електронско поврзување на сите библиотеки од градот Скопје, | **3. ПРОЕКТ: БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува:<br>електронско поврзување на сите библиотеки од градот Скопје,<br>продолжување на дигитализацијата на книжниот фонд,<br>проширување на покриеноста на приградските населби со нова подвиж- |

| | |
|---|---|
| - продолжување на дигитализацијата на книжниот фонд<br>- проширување на покриеноста на приградските населби со нова подвижна библиотека. | на библиотека,<br>реконструкција, реновирање и санација на библиотечните клонови. |

| | |
|---|---|
| **7. ПРОЕКТ: УНИВЕРЗАЛНА САЛА**<br>*РОК: 2009 ГОДИНА*<br>**Опис на проектот:** Во соработка со Владата на РМ, ќе се изврши целосна реконструкција на објектот во модерна сала која ќе одговори на активностите и на потребите на граѓаните. | **4. ПРОЕКТ: УНИВЕРЗАЛНА САЛА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: Македонски радиски фестивал, реализација на проектот за соло-музичари и<br>музички групи за културно-забавно анимирање на граѓаните на град Скопје, Информативни центри во средните училишта за промовирање и за информирање за настани од културата и од спортот, „Ние сме најдобри“ - избор на најталентирани ученици од средните училишта на град Скопје, Интернационален театарски фестивал „Лица без маски“, Мултимедијална манифестација на платото пред Универзална сала - „Скопска летна шема“ и др. |
| **8. ПРОЕКТ: КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**<br>**8.1. ПРОЕКТ: ЗА УБАВОТО**<br>*РОК: 18 ЈУНИ 2009*<br>**Опис на проект:** 30.000 бесплатни примероци книги и двд-изданија за граѓаните на Скопје и на Македонија; настап на Македонската филхармонија на плоштадот Македонија; ликовен перформанс на платна со огромни димензии. | **6. ПРОЕКТ: КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: „Звуци на чаршијата“, реализирање мултикултурна и мултимедијална манифестација „Сите заедно, за сите поубаво“, која ќе се организира во соработка со општините во Град Скопје, реализирање концерти од областа на сериозната музика и тоа циклус „Доаѓаме“ - концерти на млади музичари и циклус „Солистички камерни концерти“, стимулирање и презентација на современото ликовно творештво преку самостојни и групни изложби и др. |

| | |
|---|---|
| **9. ПРОЕКТ: ДКЦ „КАРПОШ“**<br>*РОК: 2009 - 2010*<br>**Опис на проектот:** Финансирање на програмските активности на ДКЦ „КАРПОШ“ | **5. ПРОЕКТ: ДКЦ „КАРПОШ“**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува продолжување на финансиската поддршка и унапредување на програмските активности како што се: „Априлијада“, „Оро без граници“, организирање Интернационален натпревар по класична гитара, „Весела ролеријада“, „Весел плоштад на зајдисонце“ и др. |
| **7. ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКИ ВОДАЧИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Туристичкит сектор на градот Скопје на годишно ниво ќе креира програма за зголемување на бројот на туристички водачи. Во соработка со Асоцијацијата на туристички водачи која ги издава лиценците за работа на водачите и со Факултетот за туризам, градот ќе ја субвенционира едукацијата на дипломирани невработени историчари, историчари на уметноста и археолози кои говорат минимум два јазика и имаат интерес да работат во сферата на туризмот.<br><br>**6. ПРОЕКТ: ПРОМОТИВНИ ТУРИСТИЧКИ ПАНОА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** На сите влезови во главниот град поставување на промотивни туристички паноа со фотографии и слогани од најзначајните приказни и туристички атракции во Скопје. Обележување со светлечки паноа на сите туристички локации во градот со контакт за Туристичкото биро и адресата на туристичкиот вебпортал на градот. Изработка на програма со мобилен оператор за активирање на порака на мобилен телефон за секој посетител на Скопје со слоган на градот и туристичкиот вебпортал. | **5. ПРОЕКТ: ПРИВЛЕКУВАЊЕ ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ТУРИСТИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Со цел привлекување поголем број странски туристи, но и туристи од градовите во државата, ќе се преземат повеќе активности со цел да се збогати туристичката понуда во градот.<br>Поддршка на работата на две туристичко–информативни бироа, едното лоцирано во централното градско подрачје, другото лоцирано во Ста- рата скопска чаршија, со цел да ги добијат сите потребни информации во врска со атракциите што можат да ги посетат, распоредот на јавниот транспорт, резервација и препорака на сите хотели, хостели, ресторани итн., како и делење бесплатен туристичко–промотивен материјал и мапи достапни на македонски, албански и на англиски јазик.<br>Поддршка на забавни и на музички масовни настани – „Баскерфест“, „Вино–скоп“, „Пиволенд“, „Појадок на мост“.<br>Уредување на кањонот Матка и на пештерата Врело и развој на спортскиот туризам.<br>Учество на светски саеми со цел промоција на градот.<br>Соработка и учество на меѓународни конференции за заштита на културното наследство, со цел промовирање на Старата скопска чаршија. Сите овие активности ќе се надградуваат во континуитет. Исто така, во кон- |

| | |
|---|---|
| **5. ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКИ ПОРТАЛ НА СКОПЈЕ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Во насока на промоција и презентација на туристичката понуда на градот Скопје ќе биде изработен туристички портал, кој ќе ги содржи следните информации: Приказни и стории за најзначајните археолошки, културно-историски и природни локалитети и убавини на Скопје; мапа на музеи, споменици на културата, галерии со најзначајните информации и случувања; сите хотели во Скопје со локации, телефони и цени за престој; интернационални и национални ресторани; туристички агенции, такси-компании, трговски центри, театри; инфоцентар за бизнис-информации (банки, институции, фондови и меѓународни организации); порталот ќе биде изработен на најмалку два странски јазици. | тинуитет ќе се носат туристи со туристички автобус, која ќе циркулира околу знаменитости во централното градско подрачје, како и туристички линии што ќе циркулираат и кон другите знаменитости надвор од цента-<br>рот: Матка, Водно, археолошки локалитети Скупи и Тумба Маџари водени<br>од страна на туристички водачи со лиценца. Ќе продолжи и соработката со туристичките комори и сојузи на Град Скопје и РМ, за анимирање на туристите од РМ и надвор од земјата. |
| **1. ПРОЕКТ: БИДИ ВОЛОНТЕР**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Целта на овој проект е да се промовира волонтерската активност/работа помеѓу младите луѓе во рамките на постојната законска регулатива. Тоа ќе се постигне преку низа активности со кои на младите ќе им бидат истакнувани предностите на волонтирањето. | **1. ПРОЕКТ: МЛАДИ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Проектот „Млади на практична работа“ предвидува под-дршка на младинско претприемаштво преку поддршка на активности за здобивање вештини, умеења, знаење на ученици од средни училишта преку вршење практична обука кај претприемачи, што ќе овозможи поголема ком-<br>петентност на пазарот на трудот и полесно вработување за младите. |
| **8. ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Јакнење на јавната свест кај средношколците и пошироката | **7. ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И НА<br>ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Засилување на јавната свест кај средношколците и кај по- |

| | |
|---|---|
| јавност за личната одговорност во унапредувањето на здравјето и на животната средина. Активностите опфаќаат:<br>- организирање интерактивни и едукативни презентации во училиштата за ризиците по здравјето и здравата животна средина;<br>- организирање акции за надминување на конкретни еколошки проблеми во училишните средини и надвор од нив;<br>- формирање мрежа на поддршка во и меѓу училиштата од ученици, наставници и претставници на релевантни институции и органи на локалната власт за промоција на активности поврзани со зачувување на природата;<br>- изработка и промоција на едукативно-промотивен материјал од областа на екологијата и здравјето. | пошироката јавност за личната одговорност во унапредувањето на здравјето и на животната средина. Активностите опфаќаат:<br>Формирање мрежа на поддршка во и меѓу училиштата од ученици, наставници и од претставници на соодветни институции и органи на локалната власт за промоција на активности поврзани со зачувување на природата;<br>Засилување на јавната свест кај средношколците и кај пошироката јавност за личната одговорност во унапредувањето на здравјето и на животната средина<br>Воспоставување стандарди за здрав животен стил кај средношколците. |
| **10. ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ВИСОКИ УЧИЛИШНИ ПОСТИГНУВАЊА И ПОДДРШКА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ**<br>*РОК: МАРТ 2010*<br>**Опис на проектот:**<br>- Афирмирање на знаењето и училишниот успех како врвна вредност и потврда за сигурен раст и развој на младиот човек;<br>- Промоција и приближување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата до пошироката јавност;<br>- Поттикнување конструктивен натпревар меѓу учениците за постигнување на повисоки образовни цели и училишни постигнувања;<br>- Поттикнување на целата училишна заедница за учество во натпревари на знаења и промоција на сопствените резултати. | **8. ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА ВИСОКИ УЧИЛИШНИ ПОСТИГНУВАЊА, ПОДДРШКА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНИ И ВО МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ И МАНИФЕСТАЦИИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Организирање настани и манифестации на кои пред пошироката јавност ќе бидат претставени резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата, врвните училишни постигнувања на учениците и нивна поддршка во натпревари на меѓународна сцена.<br>Специфични цели на проектот:<br>Афирмирање на знаењето и на училишниот успех како врвна вредност и потврда за сигурен пораст и развој на младиот човек;<br>Засилување на свеста кај учениците за значењето на образованието на локално ниво во правец на поттикнување на претприемачкиот дух и на конкуренцијата. |

| | |
|---|---|
| **11. ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*<br>**Опис на проектот:** Промоција на важноста на образованието во секојдневниот живот и зацврстување на вредносниот систем во којшто образованието има клучна улога во себереализацијата на една млада личност. | **10. ПРОЕКТ: ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ВО ОБЛА-<br>СТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Организирање разни манифестации и настани преку кои<br>ќе бидат одбележани ликот и делата на истакнати македонски дејци, со што<br>се промовира важноста на образованието во секојдневниот живот и зацвр-<br>стување на вредносниот систем во кој образованието има клучна улога во себереализацијата на една млада личност. |

| | |
|---|---|
| **12. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:**<br>- Активностите за меѓународната соработка во областа на средното образование главно се насочени кон две стратешки цели;<br>- Интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градови;<br>- Поврзување на учениците и училиштата на Градот со училишта, институции и мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество на натпревари, конкурси, манифестации кои имаат меѓународен карактер. | **11. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Активностите за меѓународната соработка во областа на средното образование, главно, се насочени кон две стратегиски цели;<br>Интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градо-<br>ви;<br>Поврзување на учениците и на училиштата на Градот со училишта, инсти-<br>туции и со мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество на натпревари, конкурси, манифестации што имаат меѓународен карактер. |
| **6. ПРОЕКТ: СРЕДНОШКОЛСКИ ЛИГИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје во соработка со средните училишта ќе формираат училишни лиги во кошарка, фудбал, ракомет и одбојка. Лигите би се одржувале во спортските сали во училиштата. | **1. ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ПРЕКУ ЛИГИ И<br>ТУРНИРИ**<br>Рок: Континуирано<br>Со проектот се предвидува развој на училишниот спорт во градот Скопје преку омасовување на постојните лиги и натпревари по турнирски систем во повеќе од 20 екипни и поединечни спортови. Планирано е да се вклучат по-<br>веќе од 5.000 ученици од средните училишта, чијшто основач е Град Скопје. |

| | |
|---|---|
| | Со овој проект е планирано да се исполнат три цели:<br>Преку инфицирање на младите со феноменот спорт да се тргнат од по-роците на денешнината.<br>Преку спортувањето да се подобри здравствениот статус кај учениците.<br>Преку масовност да се создава квалитет и регрутирање идни репрезен-тативци на Р.Македонија. |
| **11. ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗВУЧНИ СЕМАФОРИ ЗА СЛЕПИТЕ ЛИЦА**<br>*РОК: 2011*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје во соработка со Владата на РМ ќе овозможи имплементација на овој проект, со што ќе ја зголеми безбедноста на слепите лица, а истовремено како учесници во сообраќајот ќе им овозможи и подобар пристап до сите институции и јавни места. | **ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ ЗВУЧНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА НАЈФРЕКВЕНТНИТЕ КРСТОСНИЦИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Поставување звучна сигнализација на крстосниците со семафори за потребите на лицата со оштетен вид. |
| **1. ПРОЕКТ: МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА БРИГАДА**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Обновување на техничките капацитети на противпожарната служба на градот Скопје и приближување на нејзината работа до граѓаните, комерцијализација на работењето, односно проширување на дејноста – сервисирање на противпожарни апарати, нудење на услуга за противпожарно обезбедување и противпожарна едукација. Медиумска кампања за работењето и услугите на противпожарната служба на градот Скопје. | **2. ПРОЕКТ: Доопремување на Бригадата за противпожарна зашти - та со возила и со опрема**<br>Рок: 2014-2017<br>**Опис на проектот:** Набавка на една цистерна 16 м2 и скали и контејнер за симулација на пожари. |
| **6. ПРОЕКТ: ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА**<br>*РОК: 2009 - 2010*<br>**Опис на проектот:** Обезбедување на професионална обука на вработените за специфични дејности и интервенции, преку изградба на метална полигон-кула и | **3. ПРОЕКТ: Професионална обука**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Град Скопје континуирано ќе продолжи со обука на про-<br>фил пожарникар за специфични дејства и подмладување на кадарот. |

| | |
|---|---|
| контејнер за симулација на пожари и увежбување на повратни удари. | |
| **1. ПРОЕКТ: РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ (ГИС)**<br>*РОК: СЕПТЕМВРИ 2011*<br>**Опис на проектот:** Довршување на проектот РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ (ГИС).<br>ГИС-системот на градот Скопје ќе обезбеди централизирано место за складирање на просторните податоци, подобрување на работните процеси во администрацијата на градот Скопје, размена на информации и соработка помеѓу институциите на локално и државно ниво и јавните и приватни претпријатија, изградба на подобра слика за градот Скопје и привлекување странски и домашни инвеститори.<br>ГИС-системот на градот Скопје ќе се интегрира во идната Национална инфраструктура на просторни податоци на Република Македонија (NSDI – RM). | **ПРОЕКТ: ГИС – ЧЕТВРТА ФАЗА**<br>Рок: 2014-2015 година<br>**Опис на проектот:** Поврзување со веб-сервиси со ЈП, општини во Скопје и институции што се изработувачи на просторни податоци со цел непречена работа при изведба на капитални инфраструктурни објекти. |
| **4. ПРОЕКТ: ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И КОНТРОЛА НА БУЏЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**<br>*РОК: ДЕКЕМВРИ 2009*<br>**Опис на проектот:** Имплементација на апликација за планирање, следење и контрола на буџетот на градот Скопје, јавните претпријатија и останатите субјекти основани и/или контролирани од градот Скопје. Менаџментот на градот Скопје ќе има моментален преглед на приходната и расходната страна на буџетот на градот Скопје. | **2. ПРОЕКТ: ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИИТЕ НА<br>ГРАД СКОПЈЕ**<br>Рок: 2013-2014 година<br>**Опис на проектот:** Ефикасно и квалитетно управување на финансиските средства е стратегиска цел на Град Скопје. Поради големиот обем на обврски што Град Скопје ги презема, се наметнува потребата од еден побрз, поефикасен и поцелисходен начин на работа во повеќе домени од финансиското работење и системски пристап во обезбедување услуги и подобра комуникација со деловните субјекти на Град Скопје - физички, правни лица и институции.<br>Остварувањето на овие цели треба да се постигне со воведување на интег- |

| | |
|---|---|
| | рираниот систем за управување на финансиите на Град Скопје со потсистеми: управување локални даноци и такси, сметководство, човечки ресурси и плати, буџет и презентирање, размена на податоци и електронски сервиси за институции, физички и правни лица. |
| **5. ПРОЕКТ: Е-СОВЕТ – ВТОРА ФАЗА**<br>*РОК: 2009*<br>**Опис на проектот:** Со имплементација на втората фаза на Е-совет ќе се овозможи електронско функционирање и гласање во Советот на град Скопје што ќе се овозможи преку употреба на дигитални сертификати на членовите на советот, безжична компјутерска мрежа и изработка на потребните софтверски апликации базирани на веб. Со ова ќе се зголеми транспарентноста во работата на Советот на град Скопје и ќе се подобри комуникацијата со граѓаните и јавноста. | **5. ПРОЕКТ: Е-СОВЕТ**<br>Рок: 2015 година<br>**Опис на проектот:** Спроведување на системот за електронско водење на седницата на Совет на Град Скопје, со можност за размена на мислења меѓу администрацијата, Советот на Град Скопје и институциите, по електронски пат. Ќе биде овозможено автоматизирање на процесот за креирање на наративниот текст на документи уште во почетна фаза на подготовка на материјалите за седници.<br>Надградба на системот за електронско водење седница со воспоставување систем на електронско гласање во Советот на градот Скопје. |

| | |
|---|---|
| **1. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, АСОЦИЈАЦИИ И МРЕЖИ НА ГРАДОВИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје активно ќе работи на јакнење на положбата и улогата во сите меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови, а особено во оние во кои членува, и тоа: Унијата на главните градови на земјите на Централна и Југоисточна Европа (UCSEEC), Мрежата на поголемите балкански градови (BALCINET), Асоцијацијата на метрополите на франкофонијата (AIMF), Мрежата на мултиетнички градови (PHILIA), Мрежата на поголемите | **1. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, АСОЦИЈАЦИИ И МРЕЖИ НА ГРАДОВИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје активно ќе работи на засилување на положбата и на улогата во сите меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови. Во наредниот период ќе работи за зачленување во Европската мрежа на градови SMART Cities. |

| | |
|---|---|
| европски градови (Eurocities) и Мрежата на енергетски градови (Energie cities). Преку јакнење на пријателството и соработката со останатите градови ќе се користат позитивните искуства и методите knowhow, ќе се оствари размена на искуства и технологии и ќе се презематат активности за отварање дијалог со институциите на ЕУ за сите аспекти кои имаат влијание врз градовите и нивните граѓани. Исто така, ќе се презематат активности за зачленување во други меѓународни организации, асоцијации и мрежи на градови. | |
| **2. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ**<br>*РОК: КОНТИНУИРАНО*<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје активно ќе работи на јакнење на соработката со збратимените градови со цел да се користат и да се разменуваат позитивните искуства и методите know-how преку:<br>- соработка со градоначалници и градски совети;<br>- соработка со јавна администрација;<br>- соработка со јавни претпријатија;<br>- соработка на економско-трговски план.<br>Исто така ќе се организираат бројни проекти кои ќе покриваат различни области. | **2. ПРОЕКТ: АКТИВНОСТИ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ЗБРА-ТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ**<br>Рок: Континуирано<br>**Опис на проектот:** Градот Скопје ќе реализира серија активности за одбеле-жување на својата соработка со градовите со кои е збратимен. Тука влегува-ат повеќе проекти, меѓу кои:<br>**Скулптура / патоказ „Збратимени градови“** со географски прецизно оп-ределен правец и оддаленоност во километри од Скопје до збратимени-от град (по пример на Нирнберг)<br>**Катче на збратимените градови во градската куќа** - простор во кој ќе бидат изложени примени подароци, фотографии од посети и средби и други информации и документи<br>**„Збратимување семејства“,** проект за поврзување на семејства од Скопје со семејства од збратимените градови.<br>**Организирање средби на деловната заедница со збратимените градови на градот.** |